# ОПШТИНА РАДОВИШ

Дел. Бр. 14-101/1
16.01 2019 год.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 05/02), член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш (Службен гласник на општина Радовиш бр. 05/02) а согласно донесената годишна Програма за јавните потреби на спортот во општина Радовиш бр.08-1975/2 од 26.12.2018 год., општина Радовиш на ден 15.01.2019 год. објавува :

## ЈАВЕН КОНКУРС

за распределба на средства од Буџетот на општина Радовиш
на спортски клубови, здруженија и сојузи од општина Радовиш за 2019 год.

I. Се распишува јавен конкурс за распределба на средства на спортските клубови од Буџетот на општина Радовиш за 2019 година ;

II. Потребни документи за поднесување се :

- Програма за работа на спортскиот клуб (здружението) за 2019 година ;
- Финансиски план за работа за 2019 година (усвоен од Управен одбор) ;
- Финансиски извештај за потрошените средства добиени од ЕЛС општина Радовиш во текот на 2018 година (усвоен од Управен одбор) ;
- Одлука од Цент.регистар на Р.М. (доколку год. приход е помал од 2,500 евра) ;
- Копија од решение од АМС за дејност спорт (доколку има) или Потврда од Федерација дека се натпреварува во организиран систем на натпревари ;
- Тековна состојба од Цент.регистар на Р.М. (не постара од 6 месеци) ;
- Потврда за отворена и активна жиро сметка.

**Забелешка :** Спортските клубови и здруженијата чии годишен приход е поголем од 2,500 евра дополнително да достават Копија од завршна сметка (до крај на месец Март 2019)

III. Период за доставување на документите е 10 (десет) дена од денот на објавувањето на јавниот повик, заклучно со 25.01.2019 год.

IV. Пријавите се поднесуваат на адреса :

ЕЛС општина Радовиш

Бул. „Александар Македонски“ бр. 7, 2420 Радовиш

или директно во архивата на ЕЛС општина Радовиш

Со назнака : **За јавен конкурс бр. 14-101/1**

Напомена: Пријавите со нецелосна документација како и оние што нема да бидат доставени во наведениот рок, нема да бидат разгледувани.

Комисијата за култура, образование и спорт

Претседател : Ристо Спасов

Единица на локална самоуправа Радовиш, бул. А.Македонски бр. 7, 2420 Радовиш, Република Македонија
Тел. (032) 617-700 / веб страна: radovis.gov.mk / електронска пошта: radovis@radovis.gov.mk / opstinaradovis@t.mk